## RE: ?????? ?? ???????? ??????? ?? ???????????

[redacted]
**Sent:** [redacted]
**To:** [redacted]
**Cc:** [redacted] Trajanovska

Почитуван [redacted]

Царинската управа не располага со бараните податоци.

Според тоа што го прочитав во записникот од 54 седницата на Влада, Министерството за финансии е задолжено да формира работна група со претставници од Кабинетот на ЗПВРСМ за економски прашања, Развојната банка и НБРМ за да се подготви анализа и план за реализација на мерката, па оттука сметам дека треба да се обратите во Министерството за финансии.

Со почит,


[redacted]
Шеф на служба | Head of Unit
Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција |
Department for International Cooperation, Projects and European Integration
katerina.ha[redacted]
Тел. | Phone: [redacted]

Republic of North Macedonia
Ministry of Finance
**Customs Administration**
Str. Lazar Licenoski 13
1000, Skopje


---

**From:** [redacted]rg.mk]
**Sent:** Friday, August 14, 2020 3:09 PM
**To:** [redacted]
**Cc:** S[redacted]a
**Subject:** R[redacted]боден пристап до информација

Здраво Катерина,

Ви благодариме за брзиот одговор. Барањето се однесува за мерката од третиот пакет на економски мерки на владата за справување со COVID-19 кризата (во прилог Записник од 54-та седница од Влада на Р. С. Македонија), односно "Гарантна шема преку Развојна банка на Северна Македонија - Царинска гаранција за обезбедување на царинскиот долг" (мерката е на страна 8 во приложениот документ).

Доколку Вашата институција не го поседува овој податок[redacted]нската.

Поздрав,


[redacted]
Project Finance Manager
Center for Research and Policy Making

Cico Popovi[redacted] Macedonia
Tel: [redacted]
Web: [redacted]
E-mail: [redacted]

15

**From:** [redacted]
**Sent:** петок, 14 август 2020 13:43
**To:** [redacted]
**Cc:** [redacted]
**Subject:** RE: Барање за слободен пристап до информација
**Importance:** High

Почитуван[redacted]

Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека во регулативата на Република Северна Македонија не постои институт "државна гаранција за обезбедување на царински долг за поддршка на извозот".

Со цел поддршка на одредени компании, согласно член 6 од Законот за технолошко-индустриски развојни зони (ТИРЗ), постои можност за изземање на обврската за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по одредувањето на царински дозволено постапување или употреба на стоката, за корисник на зоната кој врши производствена дејност и дејности од областа на информатичката технологија (изработка на софтвери, склопување хардвер, дигитални записи, компјутерски чипови и слично), научно-истражувачка дејност и производство засновано на нови технологии со високи еколошки стандарди кој настанал или може да настане по одредувањето на царински дозволено постапување или употреба на стоката.

Имајќи го предвид погоре-наведеното, согласно член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и фактот дека не можеме да постапиме по вашето барање заради непотполност, Ве молиме во рок од 3 дена, истото да го дополните и прецизно да го формулирате, вклучително и со временски период на кој се однесуваат бараните податоци.

Доколку не добиеме дополнување, согласно став 3 од истиот член (17) барањето ќе биде отфрлено.

Со почит,

[redacted]
Шеф на служба | Head of Unit
Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција|
Department for International Cooperation, Projects and European Integration
[redacted]
Тел. | Phone: [redacted]

Republic of North Macedonia
Ministry of Finance
Customs Administration
Str. Lazar Licenoski 13
1000, Skopje

**From:** [redacted]
**Sent:** Thursday, August 13, 2020 3:21 PM
**To:** Katerina [redacted]
**Subject:** Барање за слободен пристап до информација

Почитувани,

Во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ви доставуваме барање за информација.

Поздрав,

[redacted]